ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:15-184/5

Дата: 26.05.2015

ДО

ОПШТИНА БОГДАНЦИ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Богданци за 2013 година.

Со ревизијата за 2007 година, изразено е мислење без резерва финансиските извештаи.

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Богданци за 2013 година.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа на образованието и детската заштита.
Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, договорни услуги, други тековни работи, привремени вработувања и капитални расходи.

На 31.12.2013 година на сметката на приходи на буџет на дотации (930) има непотрошени средства кои во вкупните приходи на оваа сметка учествуваат со 11,37%.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации ( 930) за 2013 година на Општина Богданци, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2013 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2007 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Богданци за 2007 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Богданци под 31.12.2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година изразено е мислење без резерва.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ристо Ичков, градоначалник на Општина Богданци од 10.04.2009 до 23.04.2013 година и
- Анастасија Олумчева, градоначалник на Општина Богданци од 24.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на приходи на буџетот на дотации ( 930) на општина Богданци се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа:

- дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на

соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.09. до 24.10.2014 година кај Општина Богданци од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Богданци на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Скопје, 11.02..2015 година

Ревизорски тим:
1. _______________
2. ________________
3. ________________

Овластен државен ревизор
_______________

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2013** | | **2012** |
| | | | | |
| **Приходи** | | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 3 | | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 63.098 | | 67.555 |
| **Вкупно приходи** | | **63.101** | | **67.555** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 40.783 | | 38.990 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 14.456 | | 21.227 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 0 | | 5 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **55.239** | | **60.222** |
| | | | | |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 688 | | 2.745 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **688** | | **2.745** |
| | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **55.927** | | **62.967** |
| | | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 4.2.1. | 7.174 | | 4.588 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **7.174** | | **4.588** |

## ОПШТИНА БОГДАНЦИ

### Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7.174 | 4.588 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7.174** | **4.588** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **7.174** | **4.588** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 7.174 | 4.588 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.174** | **4.588** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **7.174** | **4.588** |